**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4986/**

# З А П И С Н И К

**Од 124-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 11.11.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ и Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 124-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 123-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разлгедување и усвојување на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година.

3. Разгледување и усвојување на Правилник за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Записникот од 123-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 123-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 123-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** запсиникот од 123-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разлгедување и усвојување на Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Горан Атанасов директор на заеднички функции и администрација во МРТ и додаде дека како што беа информирани членовите на советот на предходните седници,поради конечно надминување на состојбите со вработување,прераспоредување и унапредување на вработените во МРТ,а поради проблемите со новите законски измени од 2015 та година па до сега бидејќи беше многу тешко за добивање согласности за распоредување и унапредување ние најдовме и ангажиравме консултант за целава работа, кој е стручен и има работено долго време на оваа проблематика и иститот е вклучен на седницава па може и да му поставите прашања доколку сакате.Согласно процедурата продолжи Горан прво треба да се измени Статутот на МРТ за да дојдеме до Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија,а целта на овој правилник ќе биде да можеме врз основа на согласноста која ја имаме добиено во 2019 година од предходната министерка да може да ги прераспоредиме вработените претежно во новите програмски сервиси во МТВ,кои ги направивме,таа согласност е за 59 вработени,но ќе бидат иземени од целава работа само административните службеници бидејќи за нив нема да важи овој правилник бидејќи за нив ќе се оди само по Закон за вработени во јавен сектор.Согласноста ни важи до 31.12.2020 година па ако не ја искористиме ќе ни пропадне.Во надлежност на Програмскиот совет е носењето на општи акти каде што спаѓа и ваквиот Правилник и по насоки на Министерството за информатичко општество добивме вака да го решиме проблемот со распоредување и унапредување на вработените,Надзорниот одбор на предходна своја седница даде согласност на истото па останува уште Програмскиот совет да одлучи.
Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац истакна дека добро е што конечно дојде до ова за да мрднат од мртва точка работите, и да се унапредат и да се назначат уредници во новите програмски сервиси.
Во продолжение претседателката го вклучи во расправата претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски, кој истакна дека како Надзорен одбор афирмативно гледаме на овие активности и на нашата седница која се одржа предхоно дадовме согласност и на Статутарната одлука за измена на Статутот на МРТ,и на Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.
Во продолжение претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски кажа дека користејќи ја ситуацијата при отворањето на Статутот на МРТ дојдовме на желба да ја афирмираме една наша иницијатива од предходно односно да го корегираме оној член на Статутот на МРТ каде што се регулирани можностите за отповикување и разрешување на членови на Надзорниот одбор и имаме едно предлог решение во член 27 став 1 место точка на крајот од реченицата да се додаде запирка и да се додаде *„во услов на исполнетост од условите во член 49 на Статутот на МРТ“.*И се надеваме дека како Прогамски совет на МРТ ќе ни излезете во пресрет за решавање на оваа работа заврши претседателот Дарко Стефановски.

*Надзорниот одбор на МРТ на 14-та седница одржана на ден 11.11.2020 година, во врска со Предлог Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година и Предлог Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија, ги донесе следните:*

***З А К Л У Ч О Ц И***

1. *Надзорниот одбор на МРТ ја разгледа Предлог Статутарната Одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година и дава согласност на истата.*

2. *Надзорниот одбор на МРТ го разгледа Предлог Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија и дава согласност на истиот.*

3. *Надзорниот одбор на МРТ укажува на потребата за корекција на член 27 од Статутот на ЈРП МРТ, заради усогласување на истиот со Законот за аудио и адуовизуелни медиумски услуги.*
   *Во таа смилса Надзорниот одбор на МРТ предлага првиот став од член 27 да се измени и дополни и да гласи :*
   *“Програмскиот совет на МРТ може да ги отповика сите членови или член на Надзорниот одбор на МРТ пред истекот на вртемет за кое биле избрани,* ***во случај на исполнетост на условите од член 49 на овој Статут****“.*

*Примерок од Заклучокот да се достави до:*

- *Одделение за правни и нормативни работи;*
- *Одделение за човечки ресурси;*
- *Одделение за стручна и техничка поддршка на ПС и НО,*
- *Архивата на МРТ*

*НАДЗОРЕН ОДБОР НА МРТ*
*Претседател,*
*м-р Дарко Стефановски*

Членот Ивана Трајкоска со став дека Статутот на МРТ не е акт кој треба на секоја седница да отвараме и прекројуваме за секакви ситници,и ставот 27 од Статутот на МРТ не ни дава можност да отповикуваме членови на Надзорен обор доклку во Законот за аудио и аудиовизуелни медиуми стои како се регулира истата материја.
Ивана со прашање дали имаат постапено по Заклучокот на Програмскиот совет членовите на Надзорен одбор на МРТ да достават Изјава за неспоивост на функции.
Алимпие Алулоски од одделението за стручна и техничка подршка на Програмски совет и Надзорен одбор одговори дека заклучокот е доставен до Надзорниот одбор и дека до денес е добиена само една таква Изјава за неспоивост на функции нотарски заверена,само од еден член на Надзорниот одбор на МРТ.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакна дека го подржува претседателот на Надзорниот одбор на МРТ и предложи да се изгласаат двете измени на Статутот на МРТ и таа за носење на Правилникот,како и сега предложената за измени во членот 27 од Статутот на МРТ.
Членот Златко Јанковски исто така се надоврза на претседателката и истакана дека го подржува предлогот на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ за измена и на членот 27 од Статутот на МРТ.
И заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија исто така истакана дека го подржува предлогот на претседателот на Надзорниот одбор на МРТ за измена и на членот 27 од Статутот на МРТ.

Ристе Панов појасни дека според него ова е само усогласување на Статутот со Законот и деке не гледа пречка да не се изгласаат двете измени.
Претседателката на советот предложи да се премине на гласање на Статутарните одлуки за измени и дополнување на Статутот.
Членот на советот Снежана Клинчарова истакана дека за првата предложена Статутарна одлука е пристигната официјално на псимено преку архива и истата за мене е прифатлива и ќе гласам-за, а за ова второво немам ништо против но ќе гласам воздржано и би сакала да одат одвоено двете.
Членот Гајур Рамадани додаде дека првата предложена Сатутарна одлука може да ја гласаме бидејќи уредно е доставена до нас предходно и ја имаме разгледано, а за ова второво треба да ја добиеме како текст како би ја гласале.
Горан Атанасов директор на заеднички функции запраша зошто да не може да се прават измени и да се доставуваат предлози на сама седница од членови на Надозрен одбор на МРТ, за измени на членови на Статутот на МРТ,или пак за други акти, а потоа по истите на седницата да расправа Програмскиот совет на МРТ,и зошто истото мора да е предлог од Директорот на МРТ.
Членот Ивана Трајкоска побара од членовите на Програмски Совет да не се менува Статутот поточно став 27, со образложение дека Статутот не е акт кој треба да се менува на секоја седница заради лични желби. Исто така, Ивана додаде дека ние работиме согласно Законот за ауди и аудиовизуелни услуги, а престанокот на мандатот на членови на Надзорен Одбор е утврден согласно член 128. Менување на Статутот ќе значи дека наредниот состав на Програмски Совет ќе не може да го смени овој член без согласност од Надзорен Одбор. Ивана исто така и праша дали членовите на Надзорен Одбор имаат постапено согласно заклучокот на Надзорен Одбор и дали истите ги имаат доставено Изјавите за неспоивост на фукнции, кои треба да се ве согласност со член 127 од Законот.
Заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија побара да не се комплицира целата постапка и предложи Предлогот за Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот да дојде од него,како негов предлог со негов потпис.
На ова претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смиллка Ј Саркањац побара од службите да обезбедат од заменикот Ведат Мемедалија потпишан писмен предлог Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на МРТ прозилезена од Иницијативата на Надозрниот одбор на МРТ.

*До*
*Програмски совет на МРТ*

*Предмет: Иницијатива од заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија, за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска радио телевизија бр. 01-4454/2 од 16.08.2019*

*Почитувани,*
*Поднесувам иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 година и тоа во: член 27 став 1 точката на крајот од реченицата да се замени со запирка и да се додадат зборовите: “**во случај на исполнетост на условите од член 49 на овој Статут.**“*

*Програмски совет на МРТ*

*Ведат Мемедалија*
*заменик претседател*

По расправата претседателката на Програмскиот совет ја стави на гласање Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година.

■**Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година** беше ставена на гласање

- ЗА гласаа: **9** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**3** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на ЈРП Македонска Радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година **е усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Врз основа на член 124 став (1) алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), член 37 став 1 точка 6 и член 86 став 2 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4454/2 од 16.08.2019, Програмскиот совет на МРТ на 124-та седница, одржана на 11.11.2020 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за**
**измена и дополнување на СТАТУТОТ бр. 01-4454/2 на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје донесен на 16.08.2019 година**

**Член 1**

Во Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје бр. 01-4454/2 од 16.08.2019 година, во член 27 став 1 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

"во случај на исполнетост на условите од член 49 на овој Статут."

**Член 2**

Во член 74 по точката 14 се додава нова точка 15 која гласи:

„15. Правилник за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица, како и други правилници поврзани со регулирање на процедурите за работа во МРТ и".

Точката 15 станува точка 16.

**Член 3**

Со оваа одлука се изменува и дополнува текстот на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија донесен од Програмскиот совет на ЈРП МРТ на 93-тата седница одржана на 15.08.2019 година.

Оваа Статутарна Одлука станува составен дел на Статутот на ЈРП Македонска Радио Телевизија донесен од Програмскиот совет на МРТ на 93-тата седница одржана на 15.08.2019 година, заведен под број 01-4454/2 од 16.08.2019 година.

**Член 4**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ЈРП
Македонска Радио Телевизија
Програмски совет

Проф. д-р. Смилка Јанеска Саркањац
претседател

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на Правилник за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.**

Расправата по овој материјал беше содржана во предходната точка од дневиот ред со што по оваа точка се премина веднаш кон гласање.

Претседателката на Програмскиот совет го стави на гласање Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија.

■**Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во ЈРП Македонска Радиотелевизија** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно-технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска Радиотелевизија **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разно.**

Предмет на расправа по оваа точка беше добиениот  Извештај за склучени програмски договори во МРТ за 2020 година.

По оваа точка прв збор зема заменик претседателот на Програмскиот совет на МРТ Ведат Мемедалија кој кажа дека го разгледал Извештајот за склучени програмски договори во 2020 година и посочи дека треба сериозно да се пристапи кон истиот,бидејќи се потрошени огромни финансиски средства кон неколку надворешни економски оператори/продукции, и во продолжение пососчи некој од нив:

-20 епизоди за серијалот „Преспав“ потрошена сума од 672.600 евра што значи 33.000 евра од епизода,а предходно сме ги плаќале по 25.000 евра по епизода,истата таа продукција „ОХО“ има земено за серијалот  „5 +“ кој се состои од 40 епизоди околу 520.325 евра или 13.000 по епизода.

-„Фабрика продукција“ за проект “Агенда 35“ сума од 165.200 евра за серијал од вкупно 40 емисии што доаѓа по 4130 евра од емисија, а предходните МРТ ги плаќаше по 3500 евра од емисија.

-Истражувачка репортерска лабараторија „ИРЛ‘“ за 48 епизоди 236.000 евра, или по 5000 евра епизода.

Ведат во продолжение истакана дека за оваа програма и за овие средства изразени во извештајот мора да имаме посебна седница на која ќе мора да присутвуваат и директорите и главните уредници, и на која ќе бараме да ни се објаснат овие дилеми бидејќи ова е многу скандалозно и нереално да се трошат толкави суми и средства за програма една продукција за два проекти да земе 1.200.000 евра е за наши услови многу скандалозно,а од друга страна да се жалиме до разни државни институции и ЕБУ за буџетот на МРТ. Исто така Ведат побара за наредна седница, да ни се достави писмена информација колку средства се останати за програми за наредна година, и апдејтирање на листата со новите договори до денот на новата седницата закажана за програмите.

Членот Ивана Трајковска кажа дека се сложува со Ведат и дека го подржува во предлогот за посебна седница.

Гајур Рамадани истакна дека го подржува Ведат од ова што се гледа сега една продуцентска куќа има земено огромни средства од куќата и мора да имаме посебна седница да го разјасниме ова како е дојдено до ова и да дадеме едно наше мислење за целава работа.

Снежана Клинчарова кажа дека бидејќи пред еден ден го добивме овој Извештај за склучени програмски договори во МРТ за 2020 година а кој го баравме уназад подолго време,неопходна е седница во врска со извештајот.Снежана во продолжение посочи дека лично ќе направам една своја анализа и морам да кажам од причини што пред неколку дена ја усвоивме Годишната програма на МРТ за 2021 година,ние како совет треба да се грижиме за програмата во МРТ, иако не се искажува рејтингот на овие скапи проекти кои ги видовме во извештајот денес.Се разбира дека секоја програма чини многу особено играната но мора да имаме некои репери да видиме во наши услови дали е тоа скапо или ефтино,и да ги видиме сите тие компарации и анализи особено дали балансирано се трошат средствата за програма, дали се вклучени сите вработени соодветно, дали им е дадена соодветна шанса во делот на прозиводтсвото на програмата.Отука треба да се направи една аналаиза по годишниот финансиски план колку се дава за продукциски проекти и колку остануваат

средства за производство на програма од веќе вработените кадри во куќата,со цел како со овие средства кои се на располагање на куќата да дојдеме до што е можно поквалитетна програма и дали таа ќе биде балансирано распоредена.Снежана забележа дека одредени наслови на емисии ги нема овде во извештајот а ние во последниот квартален извештај и во програмата за наредната 2021 година ги имавме,прво ја нема Новогишната програма која што е работеше една од споменатите продукции,исто така емисијата „Тунел",„Пријатели на модата",„Зоки поки" и емисијата „Објектив" која е студиска емисија со гости политичари и аналитичари и која емисија дава прашање зошто таква едноставна емисја не може МТВ сама да ја работи туку мора со копродукција,и заради сето ова како и предходно кажаното од остнатите членови потребна е една таква посебна седница на Програмскиот совет.
Златко Јанковски со прашање како една иста продукција за еден ист проект да има два договори само затоа што се еден проект на македонски јазик а еден албански јазик,како може двата прозиводи да чинат поедниечно и да бидат посебно платени по 17.000.000 денари,дали се прават две различни сценарија и се користат две различни камери,две различни сценографии и слично кога е истиот прозивод.

По расправата беше предложен Заклучок:
•Програмскиот совет на МРТ го разгледа прегледот на склучени програмски договори во МРТ за 2020 –та година и одлучи во рок од 7 (седум) дена да одржи нова седница со единствена точка на дневен ред:
**1.**Разгледување на Извештај од склучени програмски договри за 2019 та и 2020-та година, (вклучувајќи и копии од склучените договори со продукциите „Охо" и „Фабрика"),како и Извештај за резервирани/предвидени средства за следната 2021-ва година.
Програмскиот совет на МРТ за потребите на седницата ги задолжува Директорот на МРТ и неговиот заменик, како и одговорните уредници на Прв програмски сервис на МТВ и Втор програмски сервис на МТВ да обезбедат свое задолжително присуство на седницата.
-Заклучокот беше **едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 16:30 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател